Бр: 10-87
Скопје: 28.09.2021

Врз основа на член 10 и член 15 став (3) од Законот за контрола на државната помош ("Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на помош и Известувањето за дополнителни информации за формата за известување за регионална помош бр. 10-87 од 14.09.2021 година поднесено од страна на Владата на Република Северна Македонија како давател на државна помош, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за доделување на планирана регионална помош на ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево, на седницата одржана на 28.09.2021 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на Известувањето за планирано доделување на помош и Известувањето за дополнителните информации за формата за известување за регионална помош бр. 10-87 од 14.09.2021 година, поднесено во име на Владата на Република Северна Македонија, застапувана од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за доделување на планирана регионална помош на Друштвото за производство и трговија ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево со седиште на адреса Технолошко индустриска развојна зона Кичево како корисник на државната помош, утврди дека мерките:

(1) **Мерката - помош во висина од 10% од износот на оправданите инвестициски трошоци за набавка на нови машини во врска со згради во Зоната, како и за нематеријални средства;**

(2) **Мерката- помош за создавање на нови работни места за вработените на полно работно време до датумот на завршување на инвестицијата, при што за доделениот грант корисникот се обврзува просечната основна месечна бруто плата на вработените кај корисникот, во периодот од третата до седмата година по датумот на завршување на инвестицискиот проект да расте за најмалку 7% годишно, ќе се обезбеди државна помош за 180 нови работни места, кои ќе бидат за потребите на Вториот инвестициски проект и ќе изнесува по 2.000 евра за едно работно место, а во случај на креирање на поголем број на работни места, помошта за креирање на првите 300 нови работни места ќе изнесува 2.000 евра за едно работно место, а за следните**

креирани над 300 нови работни места ќе изнесува 2.500 евра за едно работно место;

(3) Мерката – помош во висина од 10% од износот на оправданите инвестициски трошоци реализирани до датумот на завршување на инвестицискиот проект кои давателот ќе ги исплати на корисникот во транши:

- Износ од 38.400.000 денари ќе се исплати не подоцна од 15.12.2021 под услов ако корисникот поднесе барање и приложи доказ до давателот не подоцна од 15.10.2021, потврдувајќи дека од датумот на почеток на инвестицијата до крајот на 2020 година достигнал вкупен износ за оправданите инвестициски трошоци за набавка на нови машини како и за нематеријални средства од најмалку 384.000.000 денари, просечниот број на вработени не е намален за повеќе од 5% во однос на претходните три години (2017, 2018, и 2019 година) и да остварил пораст на вкупните приходи од работењето во 2020 година во однос на просекот на последните три години (2017, 2018 и 2019 година);
- Износ од 4.950.000 денари ќе се исплати не подоцна од 31.10.2022 година само под услов ако корисникот поднесе барање и приложи доказ до давателот не подоцна од 31.07.2022 година, потврдувајќи дека до крајот на 2021 година инвестирал дополнителен износ на оправдани инвестициски трошоци за набавка на нови машини како и за нематеријални средства од најмалку 4.950.000 денари со кој достигнал вкупен износ за оправданите инвестициски трошоци за набавка на нови машини, како и за нематеријални средства од 433.500.000 денари, просечниот број на вработени во 2021 година да не е намален за повеќе од 5% во однос на просекот од претходните три години (2018, 2019 и 2020 година) и да остварил пораст на вкупните приходи од работењето во 2021 година во однос на просекот во последните три години (2018, 2019 и 2020 година) и
- Износ од 7.950.000 денари ќе се исплати не подоцна од 31.10.2023 година, под услов корисникот да поднесе барање и да приложи докази до давателот на државна помош не подоцна од 31.07.2023 година, потврдувајќи дека до датумот на завршување на инвестицијата инвестирал дополнителен износ на оправдани инвестициски трошоци за набавка на нови машини како и за нематеријални средства, од најмалку 79.500.000 денари со кој достигнал вкупен износ за оправдани инвестициски трошоци за набавка на нови машини, како и за нематеријални средства од 513.000.000 денари, просечниот број на вработени во 2022 година да не е намален за повеќе од 5% во однос на просекот од претходните три години (2019, 2020, и 2021 година) и да остварил

пораст на вкупните приходи од работењето во 2022 година во однос на просекот во последните три години (2019, 2020 и 2021 година).

претставуваат **државна помош** во смисла на член 5 од Законот за контрола на државната помош. Ваквите мерки се наменети за поддржување на реализација на инвестицискиот проект за производство на други делови и дополнителен прибор за моторни возила и претставуваат **регионална помош како индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 2 и точка 11 од Законот за контрола на државната помош, при што доделувањето на истата е <u>дозволено</u>.**

**Доделувањето на државна помош е дозволено само под услов ако корисникот на помошта инвестира најмалку 513.000.000 денари како оправдани инвестициски трошоци во Зоната и да вработи 180 државјани на Република Северна Македонија за потребите на инвестицискиот проект до датумот на завршување 31.12.2022 година.**

**Корисникот на државна помош се обврзува да ја задржи инвестицијата за период од најмалку пет години од датумот на завршување на инвестицијата. Доколку корисникот не успее да го одржи своето работење, ќе го врати целокупниот износ на примена државна помош со вклучена каматна стапка пресметана согласно македонските закони и прописи.**

**Кумулативната регионална државна помош која е предвидена да се исплатува со Договорот не може да биде поголема од 50% од потврдениот износ на оправдани инвестициски трошоци реализирани до датумот на завршување.**

Во случај добиениот износ на државна помош да биде во висина над **максималниот интензитет од 50%, износот на потврдените оправдани инвестициски трошоци, корисникот на државната помош ќе треба веднаш да ја врати разликата согласно законските прописи на Република Северна Македонија.**

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош, Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошниот текст: КЗК) е надлежна за оцена и надзор на секој облик на поддршка, односно дали истата претставува или не претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.

Секој давател на државната помош (дефиниран во член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош) е должен, според член 13 став (1) од Законот за контрола на државната помош, до КЗК да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Постапувајќи во согласност со обврската за известување, во име на Владата на Република Северна Македонија, како давател на државната помош, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони достави Известување за планирано доделување на помош како и Известување за дополнителни информации за формата за известување за регионална помош на корисникот на технолошко-индустриската развојна зона „Кичево“ ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево (во натамошниот текст: известувања) со Предлог договор за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево.

КЗК, согласно член 15 од Законот за контрола на државна помош, ги испита известувањата за планираното доделување на државна помош Друштвото за производство и трговија ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево за вториот ивестициски проект во Зоната. При испитување на известувањата, КЗК утврди дека тие содржат нецелосни податоци. Имено, во Известувањето за планирано доделување на помош е наведен правниот акт врз основа на кој се планира доделувањето на помошта –Одлука од Управен одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони со бр. 02-1001/5 од 24.08.2021 година за давање на согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево но истиот не е доставен до КЗК како прилог, заедно со преостанатите доставени прилози кон Известувањето. Согласно член 14 став (3) од Законот за контрола на државната помош, КЗК со допис бр. 10-87 од 20.09.2021 година побара од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да го дополни известувањето во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето за дополнување, односно да ја достави Одлуката од Управен одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони со бр02-1001/5 од 24.08.2021 година за давање на согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево

Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони на ден 23.09.2021 година со допис бр. 13-948/5 од 23.09.2021 година до КЗК достави дополнување на известувањето за планирано доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево, односно ја достави Одлуката од

Управен одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони со бр. 02-1001/5 од 24.08.2021 година за давање на согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево, која претставува правен основ за планирано доделување на државната помош.

Со оглед на фактот дека поднесените известувања ги содржат потребните податоци за оценка на помошта согласно член 14 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10) како ден на прием на уредно известување се смета 23.09.2021 година.

КЗК даде Мислење бр. 10-87 од 19.08.2021 година во врска со Предлог – Договор за доделување на државна помош на корисникот на технолошко-индустриската развојна зона „Кичево "ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево, за вториот инвестициски проект, помеѓу Владата на Република Македонија како давател на државна помош согласно член 4 став 1 точка 6 од Законот за технолошко-индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10 и 127/12), застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево како корисник на државна помош, во кое наведе дека истата претставува доделување на регионална помош, согласно Законот за контрола на државна помош и Законот за технолошки индустриски развојни зони.

Исто така, КЗК даде Мислење бр. 09-1653/2 од 23.12.2014 во однос на предлог пакетот на државна помош која Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони планирала да ја додели на Ки Сејфти Македонија ДООЕЛ лоцирано во Кичево (Џојсон Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Кичево) за производство на воздушни перничиња и останати безбедносни производи за автомобилска индустрија лоцирана во ТИРЗ Кичево.

Со Решение бр. 10-13 од 23.01.2015 го одобри доделувањето на планирана државна помош за регионален развој на Ки Сејфти Македонија ДООЕЛ лоцирано во Кичево (Џојсон Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Кичево). Оваа помош Комисијата за заштита на конкуренцијата ја оцени како доделување на државна помош преку шема на помош предвидена во Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на РМ" бр. 140/07, 103/08, 139/09, 156/10 и 127/12) за чие доделување не е потребно дополнително одобрување од страна на КЗК, со оглед на фактот дека со Одлука бр. 10-413/2 од 04.11.2008 година, КЗК го одобрила Законот за технолошки индустриски развојни зони како шема на помош за доделување на државна помош на корисниците на технолошко

индустриските развојни зони основани од Владата на Република Македонија, како и доделување на регионална индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош, при што одлучи дека доделувањето на истата е дозволено.

Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошен текст: КЗК) во законски предвидениот рок ги испита доставените известувања како и Предлог договорот и ја утврди следната фактичка состојба:

- **Давател на државна помош е: Владата на Република Северна Македонија, претставувана и застапувана од страна на** Дирекцијата за Технолошки индустриски развојни зони;
- **Корисник на државната помош е:** ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево со седиште на адреса Технолошко индустриска развојна зона Кичево
- **Правен основ за доделување на државната помош** претставува Предлог договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево и Одлука од Управен одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони цо бр. 02-1001/5 од 24.08.2021 година

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателот на државната помош претставува државна помош, се оценува дали се исполнети на кумулативен начин четирите следни критериуми:

- Таквата мерка да опфаќа трансфер на државни средства;
- Да биде селективна;
- Да претставува економска поволност за примателот и
- Да има влијание врз конкуренцијата и трговијата

Оттука, при испитување на мерките содржани во доставените известувања, КЗК ја анализираше од аспект на тоа дали истата ги исполнува горенаведените четири кумулативни критериуми. При ваквата анализа КЗК утврди дека:

**Мерката (1) - помош во висина од 10% од износот на Оправданите инвестициски трошоци за набавка на нови машини во врска со згради во Зоната , како и за нематеријални средства ќе се исплаќа во годишни транши**

- **износ од 38.400.000 денари кои ќе се исплатат не подоцна од 15.12.2021 година под услов ако корисникот на државна помош**

приложи докази до давателот на државна помош не подоцна од 15.10.2021 година, потрдувајќи дека од Датумот на почеток на инвестицијата до крајот на 2020 година достигнал вкупен износ за оправданите инвестициски трошоци за набавка на нови машини и трошоци за зградата, како и нематеријални средства од најмалку 384.000.000 денари, просечниот број на вработени во 2020 година да не е намален за повеќе од 5% во однос на просекот од претходните три години (2017, 2018 и 2019 година) и да оствари пораст на вкупните приходи од работењето во 2020 година во однос на просекот на последните три години (2017, 2018 и 2019 година);

- Износ од 4.950.000 денари кои ќе се исплатат не подоцна од 31.10.2022 година само под услов, ако корисникот на државна помош приложи докази до давателот на државна помош не подоцна од 31.07.2022 година, потврдувајќи дека до крајот на 2021 година се инвестирал дополнителен износ на оправдани инвестициски трошоци за набавка на нови машини и трошоци во врска со зградата во Зоната како и нематеријални средства, од најмалку 49.500.000 денари со кои се достигнал вкупниот износ на оправдани инвестициски терошоци за нови машини и трошоци во врска со згради во Зоната, како и нематеријални средства од 433.500.000 денари, просечниот број на вработени во 2021 година да не е намален за повеќе од 5% во однос на просекот од претходните три години (2018, 2019 и 2020 година) и да остварил пораст на вкупните приходи од работењето во 2021 година во однос на просекот во последните три години (2018, 2019 и 2020 година) и
- Износ од 7.950.000 денари, кои ќе се исплатат не подоцна од 31.10.2023 година само под услов ако корисникот на државна помош приложи докази до давателот на државна помош не подоцна од 31.07.2023 година, потврдувајќи дека до датумот на завршување на инвестицискиот проект инвестирал дополнителен износ на оправдани инвестициски трошоци за набавка на нови машини и трошоци во врска со згради во Зоната, како и нематеријални средства, од најмалку 79.500.000 денари со кој достигнал вкупен износ за оправдани инвестициски трошоци за набавка на нови машини и трошоци во врска со згради во Зоната, како и за нематеријални средства од 513.000.000 денари, просечниот број на вработени во 2022 година да не е намален за повеќе од 5% во однос на просекот од предходните три години (2019, 2020 и 2021 година) и да остварила пораст на вкупните приходи од работењето во 2022 година во однос на просекот во последните три години (2019, 2020 и 2021 година), претставува државна помош во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола

на државната помош заради фактот што истата ги исполнува следните кумулативни услови:

-Таквата мерка опфаќа трансфер на државни средства заради фактот што средствата се доделуваат од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија на ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево;

-Селективноста на мерката се гледа во фактот што помошта е наменета само за едно конкретно претпријатие – ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево поради што доаѓа до нарушување на балансот помеѓу претпријатието и неговите конкуренти. Имено, селективноста на мерката се гледа и во фактот, дека со доделувањето на државната помош на едно претпријатие, во конкретниот случај – ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево, се ставаат во понезавидна положба преостанатите претпријатија кои постојат и делуваат на истиот пазар – производство на други делови и дополнителен прибор за моторни возила. Доделувањето на оваа помош на конкретното претпријатие – ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево, му овозможува доделување на државна помош поврзана со инвестициските трошоци, а кои во нормални пазарни услови претпријатието – ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево би ги издвоил од сопствени ресурси за покривање на трошоците. На овој начин, со доделувањето на државната помош за оваа мерка, претпријатието – ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево се наоѓа во селективна положба, со оглед на фактот дека овие средства може да ги искористи на негов најисплатлив начин, а со цел постигнување на поголем профит;

-Економската поволност за корисникот се гледа во фаворизирање на конкретно претпријатие – ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево производство на други делови и дополнителен прибор за моторни возила, која што поволност ова претпријатие нема да ја има во нормални пазарни и бизнис услови;

-Таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено, од доделувањето на оваа мерка, јасно се гледа дека корисникот е инволвиран во економска активност и дека оперира на пазарот во кој делуваат и други конкуренти, со што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на конкретното претпријатие – ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево.

КЗК исто така утврди дека горенаведената мерка **претставува индивидуална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 2 од Законот за контрола на државната помош, бидејќи не е државна помош која се

доделува врз основа на шема на помош, а е со обврска за дополнително одобрување од страна на КЗК.

КЗК при оценка на дозволеноста на доделувањето на помошта утврдува дали доделувањето на помошта се врши согласно Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 109/13).

Доколку ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево инвестира износи различни од износите пропишани во траншите од став 4.1 од Договорот за доделување на државна помош, државната помош за секоја транша ќе изнесува 10% од реализираните оправдани инвестициски трошоци за набавка на нови машини и трошоци во врска со згради во Зоната, како и нематеријални средства. Државната помош за секоја транша од ставот 4.1 од Договорот за доделување на државна помош ќе изнесува 1.000.000 евра. Како исклучок, доколку ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево ги исполни условите за исплата на релевантната транша може да поднесе барање за исплата на транша од ставот 4.1 во висина од 10% од реализираните оправдани инвестициски трошоци за набавка на нови машини и трошоци во врска со згради во Зоната, како и за нематеријални средства, над износот од 1.000.000 евра.

Давателот на државна помош ќе додели државна помош на корисникот на државната помош под услов ако корисникот на државната помош инвестира износ не помал од **513.000.000 денари** евра како оправдан инвестициски трошок до датумот на завршување на инвестицијата 31.12.2022 година.

**Мерката (2) – помош за создавање на нови работни места за вработените на полно работно време до датумот на завршување на инвестицискиот проект, при што, за доделениот грант корисникот се обврзува просечната основна месечна бруто плата на вработените кај корисникот, во периодот од третата до седмата година по датумот на завршување на инвестицискиот проект да расте за најмалку 7% годишно, при што, ќе се обезбеди државна помош за 180 нови работни места, кои ќе се бидат за потребите на Вториот инвестициски проект и ќе изнесува по 2.000 евра за едно работно место. Во случај на креирање на поголем број на работни места, помошта за креирање на првите 300 нови работни места ќе изнесува 2.000 евра за едно работно место, а за следните креирани над 300 нови работни места ќе изнесува 2.500 евра за едно работно место. Оваа мерка претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата ги исполнува следните кумулативни услови:

- Таквата мерка опфаќа трансфер на државни средства заради фактот што средствата се доделуваат од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија на ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево;

- Селективноста на мерката се гледа во фактот што помошта е наменета само за едно конкретно претпријатие – ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево поради што доаѓа до нарушување на балансот помеѓу претпријатието и неговите конкуренти. Имено, селективноста на мерката се гледа и во фактот, дека со доделувањето на државната помош на едно претпријатие, во конкретниот случај – ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево, се ставаат во понезавидна положба преостанатите претпријатија кои постојат и делуваат на истиот пазар – производство на други делови и дополнителен прибор за моторни возила. Доделувањето на оваа помош на конкретното претпријатие – ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево, му овозможува доделување на државна помош поврзана со инвестициските трошоци, а кои во нормални пазарни услови претпријатието – ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево би ги издвоил од сопствени ресурси за покривање на трошоците. На овој начин, со доделувањето на државната помош за оваа мерка, претпријатието – ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево се наоѓа во селективна положба, со оглед на фактот дека овие средства може да ги искористи на негов најисплатлив начин, а со цел постигнување на поголем профит;

-Економската поволност за корисникот се гледа во фаворизирање на конкретно претпријатие – ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево производство на други делови и дополнителен прибор за моторни возила, која што поволност ова претпријатие нема да ја има во нормални пазарни и бизнис услови;

-Таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено, од доделувањето на оваа мерка, јасно се гледа дека корисникот е инволвиран во економска активност и дека оперира на пазарот во кој делуваат и други конкуренти, со што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на конкретното претпријатие – ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево.

КЗК исто така утврди дека горенаведената мерка **претставува индивидуална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 2 од Законот за контрола на државната помош, бидејќи не е државна помош која се доделува врз основа на шема на помош, а е со обврска за дополнително одобрување од страна на КЗК.

КЗК при оценка на дозволеноста на доделувањето на помошта утврдува дали доделувањето на помошта се врши согласно Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 109/13).

Давателот на државна помош ќе додели државна помош на корисникот на државната помош за 180 нови работни места кои корисникот на помошта ќе ги креира за потребите на Вториот инвестициски проект, кој ќе се исплаќа во денарска противвредност и ќе изнесува 2.000 евра за едно работно место. Во случај на креирање на поголем број на работни места, државната помош ќе се пресметува на принцип за креирање на првите 300 нови работни места и ќе изнесува 2.000 евра за едно работно место, а за следните креирани над 300 нови работни места ќе изнесува 2.500 евра за едно работно место.

Државната помош за креирање на нови работни места ќе се исплаќа во рок од 60 дена по приемот на претходно доставено барање за исплата кое ќе го поднесе корисникот на државната помош до 15 октомври во годината. Корисникот на државната помош се обврзува дека поднесеното барање за исплата на секоја транша од државната помош ќе содржи: број на вработени, датум на вработување и видот на договор за вработување.

Доколку корисникот на државната помош не ја исполни обврската за пораст на просечната бруто плата за 7% годишно има обврска да ја врати добиената помош пропорционално на степенот на неисполнување на процентот на пораст од најмалку 7% годишно.

**Мерката(3) – помош во висина од 10% од износот на оправданите инвестициски трошоци реализирани до датумот на завршување на инвестицискиот проект кои давателот ќе ги исплати на корисникот во транши:**

- **Износ од 38.400.000 денари ќе се исплати не подоцна од 15.12.2021 година под услов ако корисникот поднесе барање и приложи доказ до давателот не подоцна од 15.10.2021 година, потврдувајќи дека од датумот на почеток на инвестицијата до крајот на 2020 година достигнал вкупен износ за оправданите инвестициски трошоци за набавка на нови машини како и за нематеријални средства од најмалку 384.000.000 денари, просечниот број на вработени не е намален за повеќе од 5% во однос на претходните три години (2017, 2018, и 2019 година) и да остварил пораст на вкупните приходи од работењето во 2020 година во однос на просекот на последните три години (2017, 2018 и 2019 година)**
- **Износ од 4.950.000 денари ќе се исплати не подоцна од 31.10.2022 година само под услов ако корисникот поднесе барање и приложи**

доказ до давателот не подоцна од 31.07.2022 година, потврдувајќи дека до крајот на 2021 година инвестирал дополнителен износ на Оправдани инвестициски трошоци за набавка на нови машини како и за нематеријални средства од најмалку 4.950.000 денари со кој достигнал вкупен износ за оправданите инвестициски трошоци за набавка на нови машини, како и за нематеријални средства од 433.500.000 денари, просечниот број на вработени во 2021 година да не е намален за повеќе од 5% во однос на просекот од претходните три години (2018, 2019 и 2020 година) и да остварил пораст на вкупните приходи од работењето во 2021 година во однос на просекот во последните три години (2018, 2019 и 2020 година) и

- Износ од 7.950.000 денари ќе се испалти не подоцна од 31.10.2023 година, под услов корисникот да поднесе барање и да приложи докази до давателот на државна помош не подоцна од 31.07.2023 година, потврдувајќи дека до датумот на завршување на инвестицискиот проект, инвестирал дополнителен износ на оправдани инвестициски трошоци за набавка на нови машини како и за нематеријални средства од најмалку 79.500.000 денари со кој достигнал вкупен износ за оправдани инвестициски трошоци за набавка на нови машини, како и за нематеријални средства од 513.000.000 денари, просечниот број на вработени во 2022 година да не е намален за повеќе од 5% во однос на просекот од предходните три години (2019, 2020, и 2021 година) и да остварил пораст на вкупните приходи од работењето во 2022 година во однос на просекот во последните три години (2019, 2020 и 2021 година) претставува државна помош во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата ги исполнува следните кумулативни услови:

- Таквата мерка опфаќа трансфер на државни средства заради фактот што средствата се доделуваат од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија на ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево;

- Селективноста на мерката се гледа во фактот што помошта е наменета само за едно конкретно претпријатие – ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево поради што доаѓа до нарушување на балансот помеѓу претпријатието и неговите конкуренти. Имено, селективноста на мерката се гледа и во фактот, дека со доделувањето на државната помош на едно претпријатие, во конкретниот случај – ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево, се ставаат во понезавидна положба преостанатите претпријатија кои постојат и делуваат на истиот пазар – производство на други делови и дополнителен прибор за моторни возила. Доделувањето на оваа помош на конкретното претпријатие – ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево, му

овозможува доделување на државна помош поврзана со инвестициските трошоци, а кои во нормални пазарни услови претпријатието – ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево би ги издвоил од сопствени ресурси за покривање на трошоците. На овој начин, со доделувањето на државната помош за оваа мерка, претпријатието – ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево се наоѓа во селективна положба, со оглед на фактот дека овие средства може да ги искористи на негов најисплатлив начин, а со цел постигнување на поголем профит;

-Економската поволност за корисникот се гледа во фаворизирање на конкретно претпријатие – ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево за производство на други делови и дополнителен прибор за моторни возила, која што поволност ова претпријатие нема да ја има во нормални пазарни и бизнис услови;

-Таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено, од доделувањето на оваа мерка, јасно се гледа дека корисникот е инволвиран во економска активност и дека оперира на пазарот во кој делуваат и други конкуренти, со што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на конкретното претпријатие – ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево.

КЗК исто така утврди дека горенаведената мерка **претставува индивидуална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 2 од Законот за контрола на државната помош, бидејќи не е државна помош која се доделува врз основа на шема на помош, а е со обврска за дополнително одобрување од страна на КЗК.

КЗК при оценка на дозволеноста на доделувањето на помошта утврдува дали доделувањето на помошта се врши согласно Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 109/13).

Доколку корисникот на помошта инвестира износи различни од износите пропишани во траншите од став 6.2 од Договорот, државната помош за секоја транша ќе изнесува 10% од реализираните оправдани инвестициски трошоци. Државната помош за секоја транша ќе изнесува најмногу 1.000.000 евра во денарска противвредност. Доколку корисникот на државната помош ги исполни условите за исплата, може да поднесе барање за исплата на транша во висина од 10% од реализираните Оправдани инвестициски трошоци , над износот од 1.000.000 евра.

Корисникот на државната помош ќе ја одржи инвестицијата односно средствата (постројки, згради, опрема) во период од најмалку 5 години од датумот на завршување на вториот инвестициски проект. Доколку корисникот на помошта не успее да ја одржи инвестицијата, обврзан е да го врати целокупниот износ на примена државна помош според

Договорот. ЏОЈСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кичево ќе финансира 25% од оправданите инвестициски трошоци за Вториот инвестициски проект од сопствени извори или од трета страна во форма која не претставува државна помош.

Давателот на државната помош во Предлог договорот јасно ги утврдил правилата за кумулација на помошта и истите се во согласност со правилата за кумулација дефинирани во член 10 од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош, врз основа на која уредба се доделува државната помош наведена во Решението.

Секоја помош предвидена со Договорот ќе се доделува само доколку корисникот достави комплетна документација согласно Договорот со која се докажува дека се исполнети договорените услови.

Заради горенаведеното, КЗК одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 26 од Законот за контрола на државната помош. Тужбата не го одлага извршувањето на Решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**